PRESS 24 од секој агол






# Ловџија ги ранил двајцата другари- две лица завршија во скопките болници

Facebook 5 Twitter Viber Messenger



Пред два дена во скопските Клиники и во Градскта болница биле донесени две лица со повреди од огнено оружје, а по извршен разговор со поливцијата, рекле дека биле ранети од страна на нивниот другар со кој биле по лов на диви свињи.

На 20.11.2019 околу 17.00 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош било пријавено дека во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ и Градската општа болница „Св.Наум Охридски“ со повреди од огнено оружје биле донесени две лица.

Според пријавеното, по преземени мерки утврдено е дека станува збор за лицата Н.М.(32) од с.Морани, скопско, и Н.Ф.(44) од с.Дејковец, општина Зелениково. Двајцата повредени, во разговор со полициски службеници, изјавиле дека биле повредени со ловна пушка, од нивниот другар Т.Ш.(34) од с.Студеничани, скопско, околу 15.00 часот во близина на с.Дејковец, додека ловеле диви свињи

Со Т.Ш. бил извршен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Like 5 Share Tweet Follow @press24mk 6,640 followers

**Добивајте вести на Viber**

## ИЗДВОЕНО



22.11.2019 - 18:20

Притвор за дадилката која истепа 2-годишно дете во игротека



22.11.2019 - 16:08

Третиот напаѓач на Саздо, Јетон Љужа уапсен во Хамбург



22.11.2019 - 15:34

Додаток на плата од 3.000 денари за младите до 23 години во производствениот сектор







